Ноември 2012 Бр.133

# FOREVER
MACEDONIA






**SUCCESS DAY**

**8.12.2012**
**Хотел**
**„Холидеј Ин“**
**почеток:**
**17 часот**








Ја искористивме Програмата Летен бизнис предизвик во период јули-септември 2012 и се квалификувавме за престој со две ноќевања во Солун и присуство на грчкиот Ден на успехот.

Предизвик нѝ беше да видиме како тоа економската ситуација во Грција стимулативно делува на дистрибутерите на Форевер кои направија вистински бум во последните години на бизнисот со Форевер во Грција. И навистина беше импресивно да се види преполната сала во Хотел МЕТ со дистрибутери кои вредно работат, не се оптеретуваат со дневната ситуација во државата и имаат само една цел-УСПЕХ и ВИСОКИ ДОХОДИ од Форевер Ливинг.

Наша порака до сите вас, дистрибутери на ФЛП Македонија-работете вредно и посветено, користете ги и бидете активни на сите промоции, бидејќи тие се поткрепа на вашиот бизнис, а не само обично наградување!

















# Неуспехот не е наш непријател

Секој од нас се соочува со неуспеси, иако сите ние се стремиме кон успех. Но зошто некои се откажуваат веднаш штом се соочат со предизвиците, а други продолжуваат да го следат курсот и стигнуваат до врвот? Зошто некои од нашите соработници во Форевер никогаш не надминуваат ниво Асистент Супервизор, а други стануваат Менаџери „Орел" и добиваат чек од програма Chairman's Bonus?

Неодамна читав статија која можеби фрла светлина на ова прашање. Во неа се зборуваше за новата книга на новинарот Пол Таф, со наслов „*Како успеваат децата – талент, љубопитност и скриена сила на карактерот*". Книгата подвлекува дека за децата да станат силни и успешни личности, треба да им се даде можност да го искусат неуспехот. Според авторот, неуспесите ги учат децата на вештините со кои се постигнува успехот,како оптимизам, постојаност, издржливост и одлучност.

Често сум си мислел дека премногу ги заштитуваме децата од неуспеси. На истиот начин се обидуваме да ги заштитиме и дистрибутерите од евентуални неуспеси и правиме многу нешта наместо нив. Додека ја читав статијата, си помислив на својот животен пат. Како вчера да беше оној ден пред 34 години, кога заедно со одлична екипа луѓе ја споделивме мојата мечта за Форевер и ја претворивме во успешен бизнис кој го претставува денес. По патот се соочивме со повеќе неуспеси. Се учевме на секоја препрека и продолжувавме напред помудри. Секоја пречка нè правеше посилни. Како што кажува големиот кошаркар Мајкл Џордан: „Во кариерата сум пропуштил 9 000 коша. Сум изгубил 300 меча. 26 пати ми го довериле победничкиот шут во мечот и јас сум промашил. Не сум успеал многукратно во својот живот и токму затоа постигнувам успеси."

Нашиот сопствен пат исто неизбежно ќе минува низ пропусти и изгубени мечови. Од стотиците луѓе со кои ќе зборуваме за бизнисот, некои нема да ни обрнат никакво внимание, други ќе влетаат, но потоа ќе се откажат, а трети ќе постигнат неверојатни успеси. Никогаш не треба да го заборавиме фактот дека клучот кон успехот е да останеме фокусирани врз целите. Ви предлагам три совети за тоа да го постигнете.

Прво, очекувајте грешки. Во повеќето случаи самата пречка не води до неуспех, туку нашето очекување дека се ќе биде идеално. Ако сфатите дека животот секогаш е полн со предизвици,притоа со некои успешно ќе се справите а со некои не, тогаш е голема веројатноста да продолжувате напред. Дури и кога ќе се чувствувате поразени и фрустрирани, кога ќе имате неуспех, тие емоции нема да ја променат ситуацијата. Затоа е препорачливо да останеме смирени.

Претседател и главен генерален директор на ФЛП
**Рекс Моган**



Второ – да играме на „15-те начини". Кога ќе видиме препреки на патот, земаме лист и пенкало и правиме список на 15 начини за да ги пребродиме. На пример, ако чувствуваме дека пречка за успехот ни е нашиот внатрешен негативен дијалог, треба да најдеме 15 начини да го промениме внатрешниот глас од губитнички во победнички.

И најкрај – треба да научиме да ја менуваме гледната точка, приодот и фокусот. Лесно е да реагираме негативно, кога се соочуваме со тешкотии. Следниот пат да се обидеме да ја погледнеме ситуацијата од различен агол, да останеме безпристрасни, додека преценуваме што се случило и зошто. Убаво е секогаш да сме отворени за идеи како може да продолжиме напред – да бараме мислење однадвор или пак сами да проучуваме различни варијанти. Кога сме спремни, можеме да се посветиме и фокусираме врз избраниот нов пат.

И додека поминуваме низ добрите и лошите мигови со кои несомнено ќе ни биде проткаен животот, да не заборавиме дека и најголемиот кошаркар на сите времиња – Мајкл Џордан изгубил многу мечови за да стигне до врвот. Поставете си на себе и својата екипа реални цели, анализирајте ги успесите и неуспесите,барајте добри совети од луѓето во кои имате доверба и никогаш не испуштајте го од вид тоа што сакате да го постигнете. Често им велам на луѓето дека проблемот не е во неуспесите, туку во откажувањето. Ако откажувањето никогаш не е опција, тогаш неуспехот е само можност да научиме нешто ново и да продолжиме напред. Направете така и успехот нема да изостане.

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan

## Новото поколение



Остана малку повеќе од месец до крај на годината. И како секогаш, таа ќе остане незаборавна за оние кои започнаа градење на успешен сопствен бизнис со Форевер. Една година е долг период, но и најмалку што може да одделите за да си го промените животот. Важно е што мнозина не ја пропуштија и го избегнаа безнадежното секојдневие. Ги поздравуваме за одлуката и за постигнувањата! Тие се од луѓето кои престанаа да бараат оправданија зошто да продолжат да живеат средностатистички и најдоа доволно силни причини да заживеат така како што мечтаат.

Поставете си прашање дали и вие сте дел од нив. Се променија ли нештата кои ви се случуваат? Ви се зголемија ли доходите од Форевер? Дали постигнавте нови нивоа во маркетинг планот на компанијата? Дали имате во групата доволно дистрибутери кои ги споделуваат вашите вредности и ентузијазам? Дали секојдневно привлекувате нови пријатели на вашиот бизнис со Форевер? Ќе станете ли Менаџер „Орел"? Дали ќе се квалификувате за Глобалното рели на Форевер на Хаваите? И доколку на повеќето од тие прашања вашиот одговор е негативен, време е да се замислите. Времето брзо поминува и сега е моментот да го живеете животот кој го сакате. Форевер ви ги нуди можностите и инструментите тоа да го направите. Само од вас зависи дали ќе ги искористите.

Се наближува Бадник. За сите нас тоа ќе биде уште еден свет празник кога ќе бидеме со своите најблиски и ќе правиме отчет за изминатата година. Но пред тоа, имаме можност да направиме уште многу за бизнисот со Форевер. На крајот на годината сите ги подготвуваат подароците и сега не треба да се пропушти можноста интензивно да работиме.

Искористете ги идеите на Бадниковата акција и бидете максимално активни за време на истата. Така ќе си создадете нови пријатели, ќе ги зголемите како своите доходи, така и тие на вашата група и ќе ги пречекате празниците со поголема самоувереност за вашата иднина. Успесите доаѓаат кај оние кои ги бараат и дејствуваат, а не кај тие кои ги чекаат. Од која група ќе сте вие, зависи од вашите резултати, а не од вашето мислење.

На сите ви посакуваме успех!
Засекогаш ваши,
Стефан и Тања Стаеви




# ПРОИЗВОДИ ОД КОШНИЦА

Употребата на медот првенствено како храна ја открил праисторискиот човек, уште пред 8000 години.

Медот е сложен производ кој го создала природата со помош на пчелите и цветовите од билките. Секоја капка мед содржи повеќе од 100 различни супстанци кои се важни за функционирање на човечкиот организам. Денешната наука потврдила дека медот и другите пчелни производи имаат многу сложен состав, со идеално избалансирани состојки кои со меѓусебното дејство се вистински катализатор и биостимулатор во човечкиот организам.

Медот има превентивна улога во исхраната кај децата. Се препорачува да се даваат најмногу две супени лажици (30 грама) наутро и навечер.

Медот потпомага во лечење на многу болести, како и јакнење на организмот во целина. Особено е корисен кај заболувања на горните дишни патишта. Благодарение на високата содржина на гликоза, медот дава енергија и сила на срцевиот мускул, ја нормализира работата на крвните садови и допринесува за регулирање на крвниот притисок. Во третото животно доба, употребата на медот ја задржува свежината и го продолжува животниот век.

## Полен

Денес научниците во многу земји се бават со сеопфатно проучување на дејството на цветниот прав на човечкиот организам. Поленот го сочинуваат машки полни клетки од цветоносните билки. Пчелите ги собираат од билките и имаат непроценлива улога во опрашувањето. Цветниот прав има голема улога во развојот на пчелните друштва. При недостаток на прав, пчелите престануваат да се множат, престануваат да создаваат матичен млеч, така да пчелното друштво кое во тек на зимата нема доволно цветен прав на пролет тешко подига млади пчели и дава слаб принос на мед во летото.

Поленот има позитивно дејство на растот и развојот, ја зголемува плодноста, го зголемува бројот на леукоцитите и еритроцитите, ја подобрува циркулацијата, има биостимулативни и регенеративни својства особено за црниот дроб, антибактериско дејство на грам негативните бактерии кај желудочно цревните заболувања и инфекции на уринарните













патишта, ги намалува триглицеридите, го успорува стареењето, го стимулира апетитот, ги јакне крвните садови, мускулното ткиво и срцето, делотворен е кај исцрпеност, го подобрува видот, го поттикнува растот на косата. Ја зголемува отпорноста кон болести, а исклучително позитивни резултати дава кај проблеми со простата.

## Прополис

Прополисот е смолеста материја која ја собираат и преработуваат пчелите работнички. Во прополисот има 50-тина материи кои ги активираат биолошките центри на организмот, овозможувајќи им ритмички да функционираат. Прополисот има повеќе дејства: антибактериско- го успорува растот на бактериите, бактерицидно- уништува некои бактерии, фунгицидно- погубно делува на 11 вида површински габи, анестетичко- има силен ефект против болки, противвоспалително- овозможува епителизација на рани.

## Матичен млеч

Дали знаете зошто матицата е речиси два пати подолга и потешка од пчелата работничка? Зошто матицата има способност да положи толку голема количина на јајца и живее околу 6 години, а во исто време нејзините деца, пчелите работнички живеат само 30 до 35 дена? Тајната се вика матичен млеч.

Дејството на матичниот млеч на зајакнување на организмот се објаснува со неговата содржина. Во него има витамини, протеини, микроелементи, аминокиселини. Матичниот млеч го подобрува апетитот, влијае на растот и развојот на поедини органи, го јакне одбранбениот систем на организмот, одржува добро расположение. Млечот ја регулира работата на жлездите со внатрешно лачење а некои извештаи говорат и за јакнење на половата функција после користење на млеч.






# Forever NutraQ10
# Форевер нутраQ10




## ОПИС И СВОЈСТВА

НутраQ10 е специјална формула во прав, создадена за растворање во гел од алое на ФЛП. Таа е извор на три важни состојки кои го поддржуваат здравјето на кардиоваскуларниот систем. Витамините од B комплексот ги поддржуваат нормалните нивоа на хомоцистеин во организмот, коензимот Q10 допринесува за функциите на клетките, а антиоксидантите се борат со слободните радикали. Заедно тие состојки имаат потенцијал да го потпомогнат правилното функционирање на кардиоваскуларниот систем. Q10 е ензим кој е произведен од човечкиот организам и е неопходен за основните функции на клетките, вклучително и на тие во срцето и крвните садови. Според испитувањата, нивоата на коензим Q10 се снижуваат со напредување на возраста, а ние токму тогаш имаме најголема потреба од него. Освен незаменливите функции поврзани со енергетската ефективност на телото, коензимот Q10 има докажани својства на антиоксидант и ги штити клетките од штетното дејство на слободните радикали. Се тврди дека има позитивен ефект за зајакнување на имунолошкиот систем, а во Јапонија се користи и за заштита на лигавицата на стомакот и дванаесетпалачното црево. Според бројни истражувања, внесувањето на коензимот Q10 како додаток во исхраната на организам во состојба на акутен дефицит, значително го подобрува функционирањето на срцето, мускулите и мозокот. Се смета дека степенот на апсорпција зависи од степенот на недостиг - колку недостатокот на Co Q10 е поголем, толку поефикасно е усвојувањето како додаток на исхраната. Дополнителните извори на коензим, каков што е НутраQ10, имаат потенцијал да го зголемат чувството за енергија, издржливост и општа добра состојба. Додатокот на исхрана на Форевер ги поддржува функциите на кардиоваскуларниот систем и придонесува за одржување на нормално ниво на хомоцистеин во крвта. Хомоцистеинот е аминокиселина која се создава во организмот за време на метаболизмот. Неговите високи нивоа се поврзуваат со зголемен ризик од инфаркт, фрактури на коски и слабеење на функциите за помнење. Во здравиот организам хомоцистеинот има многу краток рок на постоење, но ако неговите биохемиски трансформации во клетките бидат запрени, тогаш тој се акумулира во крвта, оксидира и настанатите слободни радикали ги оштетуваат клетките на крвните садови. Тие ја губат еластичноста, се намалува нивната способност за нормално проширување. Биохемиските конверзии на хомоцистеинот се забавуваат со возраста, особено над 50 години. Докажано е дека витамините B6, B12 и фолната киселина имаат својство да ги задржат нивоата на хомоцистеинот во корисните за здравјето ниски вредности. Тоа за возврат го потпомага правилното функционирање на срцето и крвните садови. НутраQ10 содржи и одбрани билни екстракти - од гроздови семки, куркума, бозвелија и листови од маслинка. Според различни истражувања, овие растителни екстракти со антиоксидантно дејство исто имаат корисни својства за здравјето на крвотокот.Кон се што е веќе наброено, ги додадовме и минералите магнезиум и хром кои се корисни за срцето, плус лецитин кој е познат по своите својства да ја подмачкува внатрешноста на крвните садови и да ги раздвижува масните наслаги во нив, како и моќните антиоксидантни витамини C и E. Земете ја оваа ризница од корисни хранливи материи и растворете ја во следната чаша гел од алое вера.



Чудесните листови на алоето содржат повеќе од 200 корисни соединенија. Производ на патентиран процес за стабилизација на ФЛП, гелот од алое вера е фаворизиран од страна на луѓето кои сакаат да одржат здрав дигестивен систем и да бидат исполнети со енергија. Со НутраQ10 треба само да ја истурите содржината на пакетчето во чаша со алое, да ја измешате и да го испиете - тоа е најмалку што може да направите за мускулот кој се собира околу 100 000 пати на ден. Покажете му на срцето дека не можете да живеете без него. Дајте му ја поддршката која ја заслужува со НутраQ10 од Форевер Ливинг Продактс.

## СОСТАВ

Витамин C (како аскорбинска киселина), витамин E (како мешани токофероли), витамин B6 (како пиридоксин хидрохлорид), фолат (фолна киселина), витамин B12 (како цианкобаламин), магнезиум (како магнезиев цитрат), хром (како хромен хлорид), коензим Q10, екстракт од семе од грозје, екстракт од куркума (Curcuma longa), прав (корен), екстракт од бозвелија (Boswellia serrata) (смола), екстракт од маслинови листови, соин лецитин.

## ДРУГИ СОСТОЈКИ

Фруктоза, микрокристална целулоза и силициев диоксид. **Содржи соја.**

## ПРЕПОРАКА ЗА ДОЗИРАЊЕ

Темелно промешајте ја содржината на едно пакетче во 120 мл гел од алое вера (или друга течност). Конзумирајте по едно пакетче на ден.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Создаден за лесно растворање во гел од алое вера.
- Обезбедува коензим Q10, кој е неопходен за основните клеточни функции.
- Содржи корисни за срцето билни екстракти, минерали, лецитин и антиоксидантни витамини.








## Алое ден Тетово 2.10.2012











# АКТУЕЛНИ ПРОМОЦИИ!!!




## ВАЖИ САМО ЗА ДИСТРИБУТЕРИ И АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ:

Во текот на ноември, секој кој ќе има порачки во вкупна вредност од најмалку 1 бод на личен код ќе добие гратис 1 парче од следните производи по избор:

- Forever Active Probiotic
- Моливи за очи и усни, сенки за очи и сјај за усни.

**КОЛИЧИНИТЕ СЕ ОГРАНИЧЕНИ!!!!**

# НОВОГОДИШНА ЗАБАВА

**8.12.2012 во Хотел Порта со почеток во 21 часот. Мени-550 ден. Пријавување во канцеларијата на Форевер Ливинг во Скопје. Местата се ограничени!**

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА ПО БРЗА ПОШТА!!!

**Како да порачате:**

Испратете ја вашата порачка по факс до ФЛП Скопје (02/2465826) или по имеил: flp@t-home.mk или на тел: 02/2465846.
Наведете ги следните податоци: име и презиме, точна адреса и телефон, вашиот дистрибутерски код, кодови и количини на производи кои ги порачувате.
По извршената уплата, испратете копија од вирманот по факс, или по имеил.
Уплатата ја вршите во корист на:
Форевер Ливинг Скопје
жиро с-ка: 200000875245639
Стопанска Банка-Скопје
Во цел во дознака наведете го бројот на фактурата кој ќе го добиете од ФЛП.
Поштарината ја плаќате лично при достава на пратката.

## Квалификации за октомври 2012

### ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Славица Донакова
2. Вера Златковска
3. Др.Снежана Контра
4. Др.Роза Гелевска
5. Катерина Трајчевска
6. Стевица Димовска
7. Слафко Михајловски
8. Николина Ѓорѓиева
9. Елена Андреевска
10. Драгица Стевковска

### ТОП 10 - Вкупен обем

1. Кирил Дрзманоски
2. Слафко Михајловски
3. Славица Донакова
4. Катерина Трајчевска
5. Вера Златковска
6. Др.Снежана Контра
7. Др.Роза Гелевска
8. Стефан Савевски
9. Драгица Стевковска
10. Николина Ѓорѓиева

**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
**www.foreverliving.com**
ул. Владимир Комаров бб, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## Квалификации за октомври 2012




### Супервизори

1. Савевски Стефан – Скопје
2. Стевковски Драгица и Орце – Скопје



### Асистент Супервизори

1. Андовски Стојан и Тодоровска Елена - Скопје
2. Ангелови Виолета и Драган – Демир Капија
3. Ангеловска Бети – Штип
4. Ванчевски Радица и Игор – Куманово
5. Величковски Светлана и Петре - Кочани
6. Георгиевска Катерина – Куманово
7. Ѓозовиќ Мирзета - Скопје
8. Жарко Ленче и Мијо – Гевгелија
9. Зиковски Александра и Бобан – Куманово
10. Илиевски Васе и Снежана – Куманово
11. Иванова Андоновска Емилија и Андоновски Лазо – Скопје
12. Јовановски Дејан – Куманово
13. Календар Игор и Марија – Скопје
14. Литсас Магдалена и Стергиос – Велес
15. Младеновски Оливера и Бобан – Скопје
16. Нешковски Јован и Светлана – Гостивар
17. Стојковски Билјана и Сашо – Битола
18. Танови Тодора и Ристо – Гевгелија
19. Трајчеви Лазар и Снежана – Скопје
20. Цветаноска Стојна – Скопје

# *SUCCESS DAY*

## 8. 12. 2012
## Холидеј Ин, Скопје
## Почеток- 17 часот

**Влезниците може да се подигнат во канцелариите на Форевер Ливинг во Скопје. Специјален гостин и водител Сашко Коцев**




## Новогодишна лотарија!!!

За секоја порачка во вредност од најмалку 4000 ден добивате 1 купон за Новогодишната лотарија на 8.12.2012. Само уредно приложени купони истата вечер се добитни!